Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Компаративна книжевност за IV година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.**

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Компаративна книжевност** се базира на очекуваните резултати предвидени со наставната програма за овој наставен предмет – **Компаративна книжевност за четврта година гимназиско образование** што се реализира како изборен наставен предмет согласно утврдениот Наставен план.
Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за овој наставен предмет во согласност со предвидените 2 часа неделно се предвидени 58 часа годишно.
Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни содржини**

| КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ (58 часа) |
|---|
| 1. **Поим компаративна книжевност**<br>**Научна дисциплина компаративна книжевност** (27 часа) |
| Компративна книжевност – историја и опис |
| Различни правци на компаративни проучувања во светот |
| Основни поими во компаративистиката според историско-теориската концепција со којашто се развиваат : тематологија, имагологија влијание, интертекстуалност, интермедијалност |
| Проблемски преокупации на компаративната книжевност – националната историја на книжевноста |
| Однос книжевноста и другите уметности: сликарство, фотографија, филм, театар, опера, музика |

| |
|---|
| Односи помеѓу посебните книжевни родови |
| Односи помеѓу книжевните раздобја во историјата на книжевноста |
| Улогата на преводот во компаративистичките проучувања на односите меѓу книжевните текстови |
| Компративната книжевност и другите дисциплини: историја, социологија, филозофија, психологија |
| 2 **Компаративистиката како историско-критички пристап и активно читање или интерпретација на уметничкиот текст: фокусирање врз поединечни примери со цел да се истакнат корелациите во книжевноста (31 час)** |
| Митот и првите книжевни теми: создавање на светот и човекот, потрага по бесмртноста, односот индивидуа/заедница, пропаста на светот и смртта, темата за „изгубената невиност“ (Приказни за настанокот на светот и за пропаста на светот: потопот: Гилгамеш, Библија, Куран). |
| **Старите епови во општествен контекст:** поединецот и општеството, улогата на јунакот, овоземниот и оназемниот живот, духот и телото, патување во подземниот свет, патување во подзениот свет; основањето на град-држава ) Избор од старите епови: Махабхарата и Рамајана, Илијада и Одисеја Енума елиш и Гилгамеш |
| Анализа на неколку универзални теми во светите книги и во други текстови од древните литератури на Истокот<br><br>(Односот помеѓу авторитетот и потчинетиот; макрокосмос:микрокосмос, маж-жена, љубовта и смртта; човекот и моралните норми, рационалното и интуитивното поимање на светот и спомenатите традиции) |
| За изборот и однесувањето во животот Светот како природа (врз примери на индиската, кинеската, јапонската книжевност) |

| |
|---|
| Корените на европската цивилизација во наследството од стара Грција и Рим (Грчки и римски митови, богови и религиски пантеон, филозофија, реторика и книжевност преку теми и избрани творби од тој период |
| Среден век (450-1300) теми и мотиви во средниот век преку избрани творби од тој период |
| Ренесанса (1300-1650) теми и мотиви во периодот на ренесансата преку избрани творби од тој период |
| Класицизам и ренесанса (1650-1800) теми и мотиви преку избрани творби од тој период |
| Роматизмот и реализам (1800-1890) теми и мотиви преку избрани творби од тој период |
| Предвесници на 20 век (Е.А.По, Шарл Бодлер, Артур Рембо) |
| Дваесетти век - теми и мотиви преку избрани творби од тој период |

## 3. Дидактички препораки

Планирањето на наставата по **Компаративна книжевност** треба да биде во корелација со наставниот план и скратената наставна програма за овој предмет. Содржината на скратената наставна програма по предметот Компаративна книжевност е конципирана на тој начин што таа предвидува нејзина реализација за 145 наставни дена со часови кои имаат траење од 35 минути.

За секоја насловена наставна единица во скратената програма се предлагаат по 3 часа за реализација, но наставникот го одредува бројот на часови кои му се потребни за реализирање на новата наставна содржина како и за нејзиното повторување, увежбување, слободни дискусии или презентации на проектни задачи, презентации и говори/есеи од страна на учениците. При планирањето на часовите по овој изборен предмет наставникот ќе тргне од конкретната ситуација и услови каде што предава: од бројот на ученици сè до предзнаењата на учениците. При организацијата на часовите пристапот не треба да биде „униформиран“ односно треба да има различни пристапи во согласност со когнитивните, афективните и психомоторните особености на учениците. Наставникот секогаш треба да си го постави прашањето: како најдобро да го научиме ова?

Наставата по предметот Компаративна книжевност е општообразовна и оттаму овој изборен наставен предмет вклучува познавања и повикување на знаења од историјата и теоријата на литературата, но и познавања од другите уметности со кои книжевноста воспоставува релација за толкување и споредување на книжевното дело во општ широк, уметнички контекст со универзална порака. Компративната книжевност како предмет ќе се базира врз активно учество на ученикот во поставувањето, водењето (анализа) и разрешувањето на проблеми и ситуации што се однесуваат на содржините од наставната програма. Во согласност со тоа, истата овозможува корелација со предметите: Македонски јазик и литература, Странски јазик, Историја, Ликовна и Музичка уметност, Драмска уметност.

За постигнувањето на целите на наставната програма по предметот Компаративна книжевност, задолжително е да се применуваат современи активни техники и методи на работа како што се: сложувалка, Венов дијаграм, вртелешка, пополнување празен квадрат, агли, вкрстено испрашување, еден вовед повеќе текстови, дневник со двоен запис и други. Техниките на активно учење поттикнуваат ефикасна примена на стекнатите вештини и знаења во идентификување, опишување, појаснување, докажување, развивање на критичко и креативно мислење при усното и писменото изразување.

Наставникот ќе врши глобално, тематско и дневно планирање на наставата, кое ќе содржи опис на неговите активности и на активностите на учениците. Покрај описот на активностите на наставникот и ученикот, подготовката на наставникот за час ќе подразбира и дополнителни мотивациони компоненти за ученикот преку осмислени активности.

Всушност, овој предмет кој се базира на уметничката литература, преку изведените резултати од учење, бара од учениците да наоѓаат, да препознаваат и  да класифицираат видови текстови, да ги толкуваат и да ги проценуваат во нивното естетско и културолошко значење ставајќи во контекст (секако препознавајќи ги како лирски, епски или драмски текстови и нивни карактеристични и препознатливи елементи). Исто така, во текстовите тие треба да препознаваат информации кои ќе помогнат не само во разграничување на поединечни факти за настаните, времето и местото, туку и информации и атрибути на ликовите, стилски средства, елементи од делото кои ќе упатуваат на епохата или стилскиот правец на кој припаѓа делото. Сето тоа ќе даде можност за општо и широко разбирање на текст во одредена култура, време и дел од развојот на човековата мисла и уметност и став за истото. Компаративната книжевност има интеција како предмет да направи преглед на мотивите, нивните повторувања и менувања низ книжевноста и уметноста воопшто, кај различни автори во рамките на одредени стилски формации. **За таа цел за наставникот е оставен простор да избере дела, кои се секако во координација со предлозите кои ги има во редовната програма, во делот *дидактички препораки за предавање*.**

Наставникот својот фокус треба да го има на изборот на методи и техники на учење (дел од нив и погоре беа споменати) и истите при реализацијата да ги поврзува.

При оценувањето **акцент треба да се стави на формативното оценување** (оценување што има за цел да го подобри учењето). Преку формативното оценување интенцијата е да се добиваат информации на секој час до каде е ученикот во постигнувањето на поставената цел. Истото се користи веднаш, на секој наставен час, за да се направат приспособувања во наставата и да му се дадат насоки на ученикот во понатамошното учење. Формативното оценување треба да е составен дел на сите фази во наставата, од планирањето до рефлексијата.

Напомена: посочениот фонд за користење на наставните часови по програмски и потпрограмски подрачја е само предлог. Секој наставник согласно условите во кои ја реализира скратената наставна програма и можностите на учениците самостојно согласно потребите може да го определи фондот на часови по програмски подрачја и потподрачја. Тој секако треба да изнесува 58 наставни часа реализирани во 145 дена.

**Наставни средства и помагала:**

За постигнување на целите на наставата по предметот Компаративна книжевност неопходна е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства и тоа, пред сѐ: текстови за анализа, аудио и видео материјал, табла, компјутер со соодветни програмски пакети, како и пристап до Интернет и ЛЦД проектор.

За реализација на оваа скратена наставна програма неопходно да се користи соодветен наставен материјал во вид на текстови.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **Компаративна книжевност** ја утврди

Рег.бр. 12-8424/115
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска